RESOLVE NETWORK

СТУДИЈА ЗА ПОЛИТИКИТЕ

ФЕВРУАРИ 2021

https://doi.org/ 10,37805/pn2021.10.wb

# ОНЛАЈН ЕКСТРЕМИЗАМ ПРЕДИЗВИЦИТЕ И МОЖНОСТИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

МИЛО КОМЕРФОРД И СИМЕОН ДУКИЌ

СЕРИЈА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН

*"Влијанието на екстремистичките идеологии не е ограничено на ниво на поединечни држави. Всушност, екстремистичката онлајн пропаганда на Западен Балкан ги користи и се заснова врз регионалните наративи и демографија."*

## БРЗИ ФАКТИ

- Единствената демографија и историја на Западен Балкан значи дека онлајн екстремизмот претставува предизвик што е регионален, преминувајќи ги границите на државите и досегот на индивидуалните влади.
- Земјите од Западен Балкан мора да бидат претпазливи во однос на екстремистичките групи, поларизирачките сили и актерите од непријателски држави, кои ги кооптираат дигиталните платформи за да ги искористат вознемиреноста и жалбите што се јавуваат во општествата постулирајќи супремацистички и насилни решенија.
- Заканата од онлајн екстремизам на Западен Балкан ги преминува граничните надлежности, што ги прави клучни прекуграничната соработка и поддршката на соседните земји.

## Контекст

Западен Балкан се соочува со двоен предизвик од онлајн екстремизмот. Онлајн платформите овозможуваат регионот лесно да стане посебна цел за различни меѓународни екстремистички наративи. Во меѓувреме, регионалните истории и геополитиката се присвојуваат за да се оправдаат екстремистичките активности и наративи низ светот. Оваа динамика беше особено јасна во март 2019 година кога Брентон Тарант изврши разурнувачки терористички напад врз муслимански светилишта во Крајстчрч, Нов Зеланд. Додека Фејсбук профилот на Тарант ги пренесуваше во живо настаните пред нападот, во заднината можеше да се слушне српска националистичка песна што потекнуваше од југословенските војни — која во последно време беше присвоена како

химна на меѓународната алтернативна десница.[1] И неговото оружје, испишано со имињата на историски личности од Балканот што се спротивставувале на отоманската инвазија, упатуваше на регионот, формулирајќи ги неговите дејства како дел од паралелен отпор против „исламизацијата."

Можеби присуството на Западен Балкан во глобалната ултрадесничарска онлајн супкултура поврзана со радикализацијата на Австралијанецот Тарант изгледа апсурдно. Меѓутоа, овој феномен е дел од една поширока тенденција што го нагласува сѐ поголемиот предизвик што се создава со ширењето на транснационалните екстремистички идеологии на онлајн платформи, како насилната џихадистичка, така и ултрадесничарската. На Западен Балкан ова создава бројни специфични ризици.

## *Онлајн екстремизам и Западен Балкан*

Единствената демографија и историја на Западен Балкан значи дека онлајн екстремизмот претставува предизвик што во основа е регионален, преминувајќи ги границите на државите и досегот на поединечните влади. Влијанието на екстремистичките идеологии не е ограничено на ниво на поединечни држави. Всушност, екстремистичката онлајн пропаганда на Западен Балкан ги користи и се заснова врз регионалните наративи и демографија. На пример, голем број екстремистички идеологии од Западен Балкан имаат следбеници низ целиот регион што, главно, кореспондираат по јазична линија — етнички албански салафи-џихадистички свештени лица од Косово имаат влијание и во заедниците од албанското говорно подрачје во Албанија и Северна Македонија,[2] додека српските супремацистички националистички наративи се насочени кон српското население во Србија, Босна и Херцеговина, Косово и Црна Гора. Таквите регионализирани екстремистички наративи не може да се одделат од легатот на конфликтот и од долгогодишната меѓуетничка напнатост во рамките на регионот.

Надвор од регионот, меѓународни екстремисти вешти во вршење влијание врз други лица ја користат мрежата за да ѝ се обратат на целната публика од Западен Балкан преку многубројни меѓународни веб-локации, од кои пропагираат содржини на локалните јазици и значително навлегуваат во онлајн просторот на регионот. На пример, хрватските неофашистички групи пропагираат екстремистички наративи насочени кон заедниците од дијаспората во рамките на Западен Балкан, обидувајќи се да го повторат легатот на усташите од Хрватска од Втората светска војна.[3]

Во меѓувреме, мали елементи на заедниците од дијаспората во Западна Европа, Северна Америка и Австралија имаат одредена улога во онлајн следењето и пропагирањето на екстремизмот втемелен на Западен Балкан.[4] На други места, исламистички екстремистички

1 Murtaza Hussain, "From El Paso to Sarajevo: How White Nationalists have been Inspired by the Genocide of Muslims in Bosnia," *The Intercept,* 1 септември 2019 год., https://theintercept.com/2019/09/01/bosnian-genocide-mass-shootings/.

2 Vesë Kelmendi и Rudinë Jakupi, *Countering the Myths of IS: How to Counter the IS Narrative Online? The Case of Albanian-Speaking Countries*, Косовски центар за безбедносни студии, 2019 год., http://www.qkss.org/repository/docs/Countering-ISIS-myths-eng_724280.pdf.

3 За време на Втората светска војна, со дел од Кралството Југославија владееше нацистичка држава-марионета предводена од усташкиот режим на Хрватска, кој беше одговорен за масовни злосторства против Евреите, Србите и Ромите. Повеќе за групи од дијаспората види во: Sven Milekic, "Croatia's Far Right Draws Strength from Diaspora," *Balkan Insight*, 5 јануари 2018 год., https://balkaninsight.com/2018/01/05/croatian-far-right-draws-strength-from-diaspora-01-04-2018/.

4 "Balkan Terror Trials Reveal Links to Western Europe", Балканска истражувачка мрежа, 9 јануари, 2018 год., https://balkaninsight.com/2018/01/09/balkan-terror-trials-reveal-links-to-western-europe-01-08-2018/.

наративи, исто така, имаат за цел популации од Западен Балкан. IslamHouse, угледна веб-локација со седиште во Заливот што хостира содржини од голем број исламистички екстремистички свештени лица, хостира повеќе од девет илјади содржини на јазиците од Западен Балкан (споредено со седум илјади датотеки на англиски јазик). Во 2015 година, Stormfront, портал на белите супремацисти со седиште во САД, можеше да се пофали со 180.000 објави на неговиот форум посветен на југоисточна Европа, главно на Западен Балкан. Во тоа време, според податоците од Google Trends, Србија и Хрватска покажуваа пропорционално најголем интерес за пребарување на Stormfront на глобално ниво.[5]

Онлајн просторот, исто така, ги носи на светската сцена екстремистичките наративи специфични за регионот. Овие наративи го конструираат Западен Балкан, со неговата единствена верска и културна разнообразност, како линија на фронтот во судирот на цивилизациите меѓу христијанскиот и исламскиот свет. Во вешто изработен пропаганден филм од 2015 година ИДИС го прогласи Западен Балкан за следна „гранична област“ за глобалниот џихад, како кон регионот, така и кон неговата светска публика. Наративот што тој го нагласува во видеото е дека муслиманите долго време биле покорени од „атеистичките“ комунистички албанската и југословенската држава, а потоа, во текот на југословенските војни, доживеале злосторства против човештвото од христијаните. На другиот крај од екстремистичкиот спектар, самоповикан „христијански милитантен ред“ со седиште во Обединетото Кралство изјави дека води „онлајн војна“ во регионот, тврдејќи дека со своите видеа на српски и на хрватски јазик достигнуваат до онлајн публика што брои десетици милиони.[6] Групата им даваше и локална поддршка на групи од Косово, доставувајќи им воена опрема и облека како поддршка на „линијата на фронтот во борбата за заштита на христијанството од исламистичката инвазија.“[7]

# Важност за политиката и практиката

Обидите од странски и од домашни актери, припадници на државни и на недржавни институции, за поттикнување на дестабилизација и за манипулирање со поделбените регионални прашања имаат потенцијал да доведат до зголемени етнички несогласувања како и до потенцијална ранливост во насока на радикализација на Западен Балкан.[8] Ова особено е точно во кризни сценарија, како што е глобалната пандемија на КОВИД-19 што ја користат различни групи за да предизвикаат паника и антагонизам меѓу различни локални заедници.[9] Земјите од Западен Балкан мора да бидат претпазливи во однос на екстремистичките групи, поларизирачките сили и актерите од непријателски држави, кои ги кооптираат дигиталните платформи за да ги искористат вознемиреноста и жалбите што

5 Joseph Bernstein, “The Internet’s United Nations of White Nationalists”, *Buzzfeed News*, 24 јуни 2015 год., https://www.buzzfeednews.com/article/josephbernstein/the-internets-united-nations-of-white-nationalists.

6 Jelena Cosic, Lawrence Marzouk и Ivan Angelovski, “British Nationalist Trains Serb Far-Right for ‘Online War’,” *Balkan Insight*, 1 мај 2018 год., http://www.balkaninsight.com/en/article/british-nationalist-trains-serb-far-right-for-online-war--04-30-2018.

7 Cosic, Marzouk, Angelovski, “British Nationalist.”

8 Sophie Eisentraut и Stephanie de Leon, *Propaganda and Disinformation in the Western Balkans: How the EU Can Counter Russia’s Information War* (Berlin: Konrad Adenauer Stiftung, 2018) 3–4, http://www.kas.de/wf/doc/kas_51729-544-2-30.pdf?180306092933.

9 Albana Shehaj, “After the Pandemic: Perils and Promise for Western Balkans,” *Balkan Insight*, 20 април 2020 год., https://balkaninsight.com/2020/04/20/after-the-pandemic-perils-and-promise-for-western-balkans/.

се јавуваат во општествата постулирајќи супремацистички и насилни решенија. Но тие мора да го разберат и паралелниот предизвик од извезувањето и инструментализацијата на наративите од Западен Балкан од екстремистички групи, надвор од регионот.

Во моментов, нашата тековна анализа сугерира дека контрареакциите во вид на бришење на содржини не функционираат, делумно поради несоодветното разбирање на средината на онлајн заканите, непостоењето на ефикасна соработка меѓу власта, граѓанското општество и технолошките компании и преместувањето на незаконската онлајн активност на платформи за шифрирани пораки. Забранети групи и поединци што се гонат под обвиненија за тероризам го задржуваат онлајн присуството наспроти локалните напори на владите да ги стават под контрола нивните операции. На пример, „џихадистите активни на социјалните медиуми" продолжуваат да го користат Фејсбук за да споделуваат слободно аудиовизуелни материјали и цитати од проповеди од радикални имами што во моментов отслужуваат затворски казни поради регрутирање поединци да служат во редовите на ИДИС.[10] Иако прашањето за спречувањето, ублажувањето и регулирањето на онлајн екстремизмот е глобално прашање, има голем број аспекти што се специфични за регионот, а се релевантни за спроведување ефикасна политика и за одговорите од практичарите.

## Западнобалканските влади го сметаат за приоритет спротивставувањето на онлајн радикализацијата:[11]

- Стратегијата на Србија за спротивставување на насилен екстремизам го афирмира значењето на контрапораките за спротивставување на онлајн радикализацијата.
- Во македонската стратегијата се дискутира за изградба на капацитети за локалните и верските заедници со цел спротивставување на онлајн екстремизмот.
- Стратегијата на Босна го нагласува значењето на мониторингот на онлајн просторот, на контранаративите и на ограничувањето на онлајн пропагандата.

10 Совет за регионална соработка, "Balkan 'Social Media Jihadis' More Dangerous than Ex-Fighters," 20 декември 2019 год., https://www.rcc.int/p-cve/news/259/balkan-social-media-jihadis-more-dangerous-than-ex-fighters.

11 Совет на министрите на Република Албанија (Одлука бр. 930*), Albanian National Strategy: Countering Violent Extremism*, Службен весник на Република Албанија (203/2015), 18 ноември 2015 год., неофицијален превод, https://cve.gov.al/wp-content/uploads/2018/11/strategjia-2018-me-ndryshime.pdf; Република Косово, Кабинет на премиерот, *Strategy on Prevention of Violent Extremism And Radicalisation Leading to Terrorism 2015-2020*, (Приштина: септември 2015 год.), https://wb-iisg.com/wp-content/uploads/bp-attachments/6122/STRATEGY-on-PVERLT_parandalim_-_ENG.pdf; Босна и Херцеговина, Совет на министрите, *Strategy of Bosnia and Herzegovina for Preventing and Combating Terrorism 2015-2020*, (Сараево: 2015 год.), https://wb-iisg.com/wp-content/uploads/bp-attachments/6102/STRATEGIJA_ZA_BORBU_PROTIV_TERORIZMA_ENG.pdf; Влада на Црна Гора, Министерство за правда, *Countering Violent Extremism Strategy 2016-2018*, (Подгорица: декември 2015 год.), https://wb-iisg.com/wp-content/uploads/bp-attachments/6160/Countering-violent-extremism-strategy-2016-2018.pdf; Влада на Република Македонија, Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, *National Counterterrorism Strategy of the Republic of Macedonia (2018-2022),* (Скопје: февруари 2018 год.), https://wb-iisg.com/wp-content/uploads/bp-attachments/6135/ct_national_strategy_eng_translation_sbu.pdf; Влада на Република Србија, *National Strategy for the Prevention and Countering of Terrorism for 2017–2021*, https://wb-iisg.com/wp-content/uploads/bp-attachments/6200/Serbian-National-Strategy-for-the-prevention-and-countering-of-terrorism-for-2017-2021.docx.pdf.

» Националната стратегија на Албанија утврдува двократен пристап за дискредитирање и на тој начин ублажување на влијанието на екстремистичката пропаганда.

» Во делот на стратегијата на Косово што се однесува на онлајн радикализацијата се нагласува дека ИДИС е ефикасна во обезбедувањето онлајн простор за дискусија и за креирање пораки за ефикасно регрутирање.

» Во црногорската стратегија Гора се предлага воспоставување на Единица за интернет упатување што ќе ја координира со партнерите идентификацијата на терористички и на насилни екстремистички содржини.

Меѓутоа, наспроти утврдувањето приоритети, има малку докази за конкретни иницијативи и за активности предводени од владата за спротивставување на екстремистички онлајн наративи, на регионално или на национално ниво.

Иако се прават многубројни обиди за креирање контранаративи на ниво на базата, главно од исламистички групи што се обидуваат да ги побијат екстремистичките религиозни толкувања, при овие обиди секогаш не се користат совети од домашни или од меѓународни експерти во однос на стратегиските комуникации или од достаточни извори и поддршка, со цел ефикасно спротивставување на заканата од пораки од екстремистички групи. На пример, порталот за контранаративи Fol Tash (Зборувај сега) што го водат исламски теолози се обидува да се спротивстави на исламистичките екстремистички наративи но е ограничен во можностите да досегне и да ја ангажира ранливата публика што би можела да биде најмногу во опасност од насилната исламистичка пропаганда.[12] Во однос на недостатоците на пошироко глобално ниво, дури и помалку беа застапени активности за спротивставување на ултрадесничарскиот онлајн екстремизам со фокус на Западен Балкан.[13] Воопштено, низ социјалните медиуми и пошироката мрежа, главно, не се активираа онлајн контраактивности и тие не успеаја да се спротивстават ефикасно на екстремистичката содржина во онлајн просторот.

Препознавајќи ги овие недостатоци и празнини во одговорите на регионално и на глобално ниво, оваа Студија за политиките дава препораки за креаторите на политиките и за практичарите што се обидуваат да се зафатат се пешавање и да се спротивстават на екстремистички активности и наративи во онлајн просторот, со фокус на Западен Балкан, пред тие да предизвикаат поголема штета.

# Препораки за политиките

## *Градење на нашето разбирање на динамичниот пејзаж на закани.*

Итно е потребна тековна слика на развојната закана за да се постигнат стратегиски и ефикасни одговори, базирани на информации, од владата, практичарите, граѓанското општество и приватниот сектор, со цел ефикасна борба со насилните екстремистички идеологии онлајн

12 Kelmendi и Jakupi, *Countering the Myths of IS*.

13 Jacob Davey, Henry Tuck и Amarnath Amarasingam, *An Imprecise Science: Assessing Interventions for the Prevention, Disengagement and De-radicalisation of Left and Right-wing Extremists* (Лондон: ISD Global, ноември 2019 год.), https://www.isdglobal.org/wp-content/uploads/2019/11/An-imprecise-science.pdf.

и локално. Според тоа, од клучно значење е развој на робустни податоци и инфраструктура за давање одговор. Подобрената слика со податоци ќе им овозможи на владите подобро да ги разберат штетите што се предизвикани онлајн, а се поврзани со екстремистички наративи, дезинформации и со говор на омраза и да ги идентификуваат мрежите што се од клучно значење за нивно ширење, притоа обезбедувајќи почитување на човековите права и заштита на приватноста. Особено е значајно сите такви напори на општеството да бидат транспарентни за да се спречи нивно потенцијално кооптирање за политички цели.

Исто така, креаторите на политиките треба да ги препознаат и да одговорат на овој променлив пејзаж и на развојната организациска динамика на насилниот екстремизам. Поточно, владите мора да развиваат политичка и правна рамка што соодветно ќе се зафати со сѐ подецентрализираната, посторганизациска природа на ултрадесничарскиот тероризам „што извира од толпата" и да обезбедат таа да не се потпира премногу на забранети терористички групи, кои не ја сфаќаат разновидноста на современата закана од онлајн насилниот тероризам. Паралелно со тоа, владите треба да вложат поголеми напори за да одговорат на легалните, но сепак штетни содржини, како што е онлајн говорот на омраза, разгледувајќи ја применливоста на пристапот „должност за грижа" базиран на ризиците, кон поттикнување на регулирањето на платформите. Овој пристап треба да се концентрира на зачувување на безбедноста на корисниците, како и на помагање на давање одговори од граѓанското општество, со повеќе ресурси и зајакнати капацитети, со цел да се ополномоштат веродостојни гласови што ќе ја пополнат оваа клучна празнина.[14]

## *Инвестирање во регионална експертиза за справување со јазични слепи точки.*

Во онлајн просториите се застапени и џихадистички и ултрадесничарски содржини на јазиците од Западен Балкан, при што содржините на албански, српски и на босански јазик лесно се пристапни на платформите на социјалните медиуми, како и преку алатките за пребарување.[15] Иако глобалните технолошки компании тврдат дека на корисниците им испорачуваат на глобално ниво конзистентно и стандардизирано искуство, ефективното управување со платформи наложува локализирано разбирање на јазикот и на културата. Така, при имплементирањето на скалирани одговори на онлајн екстремизмот, глобалните технолошки компании треба да инвестираат во зајакнување на човековата експертиза за предметот за да обезбедат точно согледување на заканите и на предизвиците на Западен Балкан и да ги зајакнат капацитетите за спроведување на политиките и можностите за поправање на состојбите. Со оглед дека повеќето компании од социјалните медиуми немаат претставници на Западен Балкан, од клучно значење е да се испитаат начините за зајакнување на соработката со владите заради заедничко утврдување стратегии за спротивставување на екстремистичките пораки. Преку транспарентен процес меѓу владите и технолошките компании, во консултација со експерти и со граѓанското општество, треба

14 Еден пример на овој вид програмирање е Онлајн иницијативата за граѓанска храброст на ИСД, која функционира во Европа имајќи за цел подучување и унапредување на граѓанското општество за одговори на омразата и екстремизмот. Види: https://www.isdglobal.org/programmes/communications-technology/online-civil-courage-initiative-2-2/.

15 Поновите истражувања на онлајн екстремизмот во регионот на Западен Балкан ги спроведуваат голем број експерти, вклучително и Адриан Штуни, Институтот за глобални промени на Тони Блер, Муншот Спротивставување на насилен екстремизам (Moonshot CVE), Косовскиот центар за безбедносни студии и Балканската истражувачка мрежа.

да се утврди кои онлајн предизвици го исполнуваат бараниот праг за правно и регулаторно дејствување, со целосно почитување на човековите права.

## *Поместување над модерирањето на содржините.*

Прашањата за регулирањето на технолошките платформи мора да се поместат над едноставното модерирање на содржините кон справување со алгоритамското засилување на екстремистичките пораки и со поширокиот екосистем на онлајн екстремизмот, вклучително и со тоа како алгоритмите за пребарување и за препораки може да ги насочуваат луѓето кон екстремистички онлајн содржини. Иако се направени мали чекори кон проширувањето на контранапорите надвор од едноставното бришење на содржините, систематски напори не се започнати. Неодамнешни објави од Фејсбук наидоа на ограничени одговори од компанијата на подлабоките алгоритамски предизвици поврзани со онлајн екстремизмот, наспроти интерното истражување во 2016 година кое покажа дека „64% од сите врски на екстремистичките групи се должат на алатките за препораки [на платформата].“[16]

## *Осмислување регионален одговор на регионален предизвик.*

Заканата од онлајн екстремизам на Западен Балкан ги преминува граничните надлежности, што ги прави клучни прекуграничната соработка и поддршката на соседните земји. Ова е особено важно кај јазичните заедници што се лоцирани преку границите. Овој предизвик се препознава во Заедничкиот акциски план за контратероризам на Западен Балкан каде што владите од регионот се обврзале на зафаќање со терористичките содржини онлајн со нивно упатување на интернет компании и со зајакнување на партнерите од граѓанското општество да развиваат ефикасни алтернативни наративи.[17]

Меѓутоа, има малку податоци за конкретните механизми за соработка. Земјите од Западен Балкан имаат флексибилност во пронаоѓањето заеднички решенија за овој проблем. Со воспоставување регионална оперативна група што ги обединува релевантните владини оддели, вклучително и агенции за спроведување на законот и агенции за електронски комуникации, заради идентификување на националните закани, споделување искуства и развој на координирани одговори, би се зајакнале напорите за борба против користењето на интернет од екстремистички и од терористички актери. Тоа би можело да се оствари преку полугодишни состаноци, организирани од ЕУ а наменети за националните координатори за спречување и спротивставување на насилен екстремизам (P/CVE), со цел поттикнување на таа соработка. Обединувањето на креаторите на политиките и меѓуресорните експерти за да ги споделат знаењата и подобро да го разберат потенцијалното влијание на одговорите на онлајн повреди — вклучително и дигитална регулација, дигитална едукација на граѓаните и комуникациски интервенции — ќе помогне во поткопувањето и спротивставувањето на

16 Jeff Horwitz и Deepa Seetharaman, “Facebook Executives Shut Down Efforts to Make the Site Less Divisive,” *Wall Street Journal*, 26 мај 2020 год., https://www.wsj.com/articles/facebook-knows-it-encourages-division-top-executives-nixed-solutions-11590507499.

17 “Joint Action Plan on Counter-Terrorism for the Western Balkans,” *Европска комисија*, 5 октомври 2018 год., https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/news/docs/20181005_joint-action-plan-counter-terrorism-western-balkans.pdf.

опасните ефекти на онлајн дезинформирањето, говорот на омраза и екстремизмот.[18]

## *Партнерство со поширокото граѓанско општество и локалните заедници.*

Во неодамнешен извештај на Британскиот совет за екстремизмот на Западен Балкан се наведува дека анкетираните лица сметаат дека контранаративите треба да бидат инкорпорирани во стратегиските превентивни програми во регионот.[19] Сепак, државите од Западен Балкан имаат релативно мала јавна доверба во националната влада поради што ќе биде ограничена ефикасноста на кој било владин стратегиски комуникациски план без прифаќање и поддршка од поширокото граѓанско општество.[20] Во активностите за спротивставување на насилниот екстремизам треба да се користи пристап на ниво на целото општество за да се обезбеди прифаќање од заедницата и ополномоштување на напорите на граѓанското општество за справување со насилниот екстремизам, што на таквите иницијативи може да им даде единствен ресурс, звучност и веродостојност. Исто така, во оваа активност треба да бидат ангажирани и градовите и локалните заедници затоа што екстремизмот се манифестира различно во различни места, а локалните надлежни органи и организации може да понудат приспособени одговори „по мерка“, засновани на единствениот контекст.[21]

Постојат поучни локални примери за тоа како би можел да изгледа во практика еден таков пристап за целото општество. Стронг Ситис Нетворк (СЦН) поддржува воспоставување и операционализација на моделот „Локална мрежа за превенција“ за активирање на пристапи предводени од општините а поддржани од граѓанското општество во Куманово, Северна Македонија. Во овој контекст, локален субјект со повеќе заинтересирани субјекти, именуван Акциски тим во заедницата доби мандат да развива, координира и да издава локални стратегии во согласност со Националната стратегија за спротивставување на насилен екстремизам и заеднички да ги планира и спроведува активностите со владини и невладини организации приспособени според клучните локални приоритети.[22] Развојот на Акциските тимови во заедницата го поддржа и Центарот за заедничка основа, во општините

---

18 Дигиталната лабораторија за политиките и Мрежата на планери на политиките на ИСД се обидува да изгради меѓународна „заедница на практиката“ меѓу креаторите на политиките и технолошките експерти, во однос на прашањата за дигиталната политика. Види: https://www.isdglobal.org/programmes/policy-government-advisory/policy-planners-network/.

19 Vlado Azinović, *Regional Report: Understanding Violent Extremism in the Western Balkans* (Британски совет: 2018 год.), https://www.britishcouncil.me/sites/default/files/erf_report_western_balkans_2018.pdf.

20 “Serbia the only WB country with more trust in the government than in the EU,” European Western Balkans, 6 август 2019 год., https://europeanwesternbalkans.com/2019/08/06/serbia-the-only-wb-country-with-more-trust-in-the-government-than-in-the-eu/.

21 Стронг Ситис Нетворк, глобална мрежа од градоначалници, општински службеници и практичари посветена на споделување на најдобрите практики за спротивставување на насилен екстремизам и поларизација, има членови од 44 општини во регионот што се посветени на создавањето на отпорни области. Таа може да поттикне јакнење на партнерства и развој на стратегиски комуникации за градовите. Исто така, преку своите програми Млади градови, мрежата поддржува групи млади во развојот на иницијативи во рамките на заедниците а предводени од младите, при што некои од нив се во форма на контранаративни кампањи.

22 Besim Dogani и Nayla Joy-Zein, “SCN’s Local Prevention Network Model Expands to the Western Balkans,” *Strong Cities Network*, 9 октомври 2019 год., https://strongcitiesnetwork.org/en/lpn-model-expands-to-the-western-balkans/.

Чаир (Скопје), Гостивар и Кичево во Северна Македонија, надградувајќи го моделот за локална превенција.[23]

## *Промовирање на дигиталните вештини за граѓаните преку граѓанско образование.*

Индексот на медиумска писменост, изработен од Институтот Отворено општество, сугерира дека Западен Балкан е меѓу најранливите региони во Европа на потенцијално онлајн штетно дејствување.[24] Сите балкански држави[25] беа во долните два квинтила во однос на медиумската писменост и отпорноста на дезинформации, при што Северна Македонија имаше најнизок севкупен резултат во Европа.[26] Истражувањата сугерираат дека вештините од дигиталната писменост се клучни за изградба на отпорност против екстремизмот, поларизацијата и радикализацијата.[27] Едуцирањето на ефикасни дигитално писмени граѓани ќе биде од суштинско значење за оспособување на младите за разбирање и нивно снабдување со алатки и самодоверба што се неопходни за управување со меѓуповрзаните предизвици, како онлајн, така и локално — вклучително и предизвици што се создаваат со лажни вести, дезинформации и со теории на заговор меѓу младите, но и меѓу старите.[28]

Преку активен развој на наставни програми, програми за обука на наставници и ресурси за учење преку кои се стекнуваат знаење и вештини за развој на критичко мислење, поттикнување на непристрасни ставови, граѓанска ангажираност и за меѓукултурна коегзистенција, владите може да развијат поголема отпорност на екстремистички наративи, кампањи за извршување штетно влијание и на други штетни онлајн дејствувања. Иако Дигиталната агенда на ЕУ за Западен Балкан за 2019 година го става фокусот на унапредување на дигиталната писменост во регионот, важно е во иницијативите да бидат вградени поимите за позитивни граѓани во дигиталната сфера и поттикнување на отпорноста на голем број штетни онлајн дејства.[29] Овие активности не треба да бидат ограничени само на формалното образование, туку треба да се прошират на неформалното образование и на кампањи за зајакнување на свеста, за да се обезбеди не само младите, туку и постарите генерации, кои се еднакво погодени од штетните онлајн дејства, да ги искористат поголемата свест и разбирањето на погрешните информации и екстремистичките наративи во онлајн просторот.

23 Повеќе информации за Центарот за заедничка основа види на неговата веб-локација: https://ccg.org.mk/.

24 Marin Lessenski, “Just Think about It: Findings of the Media Literacy Index 2019,” *Институт Отворено општество*, Резиме на јавната политика 55, 2019 год., https://osis.bg/wp-content/uploads/2019/11/MediaLiteracyIndex2019_-ENG.pdf.

25 Косово не е вклучено во студијата поради недоволно податоци.

26 Lessenski, “Just Think about It.”

27 Louis Reynolds и Ralph Scott, *Digital Citizens: Countering Extremism Online* (Лондон: Демос, 2016 год.), https://www.demos.co.uk/wp-content/uploads/2016/12/Digital-Citizenship-web-1.pdf.

28 Исто.

29 Бидете интернет граѓани (Be Internet Citizens) дава пример на меѓународна наставна програма чија цел е вклучување на овие вештини. Види: https://internetcitizens.withyoutube.com/.

# Заклучок

Западен Балкан се соочува со голем број предизвици и прашања што се специфични за регионот, а се однесуваат на онлајн екстремизмот, кој потекнува од неговата единствена историја, различната демографија и геополитичката лоцираност, што има важни импликации за кохерентно креирање на политиките. Меѓутоа, во рамките на поширокиот регионален контекст, значително дивергентните национални и субнационални пејзажи што се однесуваат на политиките и на законите наложуваат локално приспособени одговори. Оваа студија за политиките презентира серија конкретни иницијативи за политиките со посебна важност за Западен Балкан, кои се движат од активности за развој на отпорност на онлајн екстремизмот до напори за регулирање на штетни онлајн содржини. Овие одговори ставаат нагласка на потенцијалните начини за регионална соработка и интегрирани активности, препознавајќи дека предизвикот од онлајн екстремизмот со кој се соочува Западен Балкан е својствено транснационален и ќе се решава систематски само со комбинација од одговори на ниво на земјите и координирани регионални инницијативи.

# Предложена дополнителна литература

## За предизвиците од регионален екстремизам


Azinović, Vlado. *Regional Report: Understanding Violent Extremism in the Western Balkans.* British Council Extremism Research Forum, 2018. https://www.britishcouncil.me/sites/default/files/erf_report_western_balkans_2018.pdf

Beslin, Jelena и Marija Ignjatijevic. *Balkan foreign fighters: from Syria to Ukraine*. Брисел: Институт на Европската Унија за безбедносни студии, 2017 год. https://www.iss.europa.eu/sites/default/files/EUISSFiles/Brief%2020%20Balkan%20foreign%20fighters.pdf.

Morina, Engjellushe, Beatrix Austin, Tim Jan Roetman и Véronique Dudouet. *Community Perspectives on Preventing Violent Extremism: Lessons learned from the Western Balkans*. Berlin: Berghof Foundation, 2019. https://www.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Other_Resources/WB_PVE/CTR_PVE_WesternBalkans_Research_Report.pdf

Stronski, Paul и Annie Himes. *Russia's Game in the Balkans*. New York: Carnegie Endowment for International Peace, 2019 год. https://carnegieendowment.org/files/Stronski_Himes_Balkans_formatted.pdf


## Профили на ниво на држави


*Bosnia and Herzegovina: Understanding Perceptions of Violent Extremism and Foreign Influence*. Вашингтон: Меѓународен републикански институт, 2018 год. https://www.iri.org/resource/new-bosnia-and-herzegovina-poll-citizens-pessimistic-about-future-vulnerable-outside

*Bosnia's Dangerous Tango: Islam and Nationalism*. Сараево/Брисел: Меѓународна кризна група, 2013 год. https://www.crisisgroup.org/europe-central-asia/balkans/bosnia-and-herzegovina/bosnia-s-dangerous-tango-islam-and-nationalism

*Kosovo Wide Assessment of Perceptions of Radicalisation at the Community Level*. Приштина: Република Косово, 2017 год. http://www.ks.undp.org/content/dam/kosovo/docs/PVE/UNDP_KS-Wide%20Assessment_eng_web.pdf.

Milanović, Boris. “Mapping Extremist Discourse among Serbian 4Chan /pol/ Users.” Во *Extremism and Violent Extremism in Serbia, 21st Century Manifestations of an Historical Challenge* edited by Valery Perry, април 2019 год.

Qehaja, Florian и Skender Perteshi. *The Unexplored Nexus: Issues of Radicalisation and Violent Extremism in Macedonia*, Приштина: Косовски центар за безбедносни студии, 2018 год. http://www.qkss.org/repository/docs/Extremism_in_macedonia_402663.pdf.

Shtuni, Adrian. *Dynamics of Radicalization and Violent Extremism in Kosovo.* Washington D.C.: United States Institute of Peace, Special Report 397, 2016. https://www.usip.org/sites/default/files/SR397-Dynamics-of-Radicalization-and-Violent-Extremism-in-Kosovo.pdf

## За постојните иницијативи за регионалната политика

Европска комисија. “European Commission launches Digital Agenda for the Western Balkans.” Соопштение за печат, 25 јуни 2018 год. http://europa.eu/rapid/press-release_IP-18-4242_en.htm.

ОБСЕ. *The Role of Civil Society in Preventing and Countering Violent Extremism and Radicalization that Lead to Terrorism: A Guidebook for South-Eastern Europe*. Виена: Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), 2018 год. https://www.osce.org/files/f/documents/2/2/400241_1.pdf.

Совет за регионална соработка. “Initiatives to Prevent/Counter Violent Extremism in South East Europe.” 9 август 2016 год. https://www.rcc.int/pubs/38/annual-report-of-the-secretary-general-of-the-regional-cooperation-council-2017-2018.

# Извори

Azinović, Vlado. *Regional Report: Understanding Violent Extremism in the Western Balkans.* Британски совет, 2018 год. https://www.britishcouncil.me/sites/default/files/erf_report_western_balkans_2018.pdf.

“Balkan Terror Trials Reveal Links to Western Europe.” *Балканска истражувачка мрежа*, 9 јануари 2018 год., https://balkaninsight.com/2018/01/09/balkan-terror-trials-reveal-links-to-western-europe-01-08-2018/.

Be Internet Citizens. https://internetcitizens.withyoutube.com/.

Bernstein, Joseph. “The Internet’s United Nations Of White Nationalists.” *Buzzfeed News*, 24 јуни 2015 год., https://www.buzzfeednews.com/article/josephbernstein/the-internets-united-nations-of-white-nationalists.

Босна и Херцеговина, Совет на министрите. *Strategy of Bosnia and Herzegovina for Preventing and Combating Terrorism 2015-2020.* Сараево: 2015 год. https://wb-iisg.com/wp-content/uploads/bp-attachments/6102/STRATEGIJA_ZA_BORBU_PROTIV_TERORIZMA_ENG.pdf.

Centre for Common Ground. https://ccg.org.mk/.

Cosic, Jelena, Lawrence Marzouk и Ivan Angelovski. “British Nationalist Trains Serb Far-Right for ‘Online War,’” *Balkan Insight*, 1 мај 2018 год. http://www.balkaninsight.com/en/article/british-nationalist-trains-serb-far-right-for-online-war--04-30-2018.

Совет на министрите на Република Албанија (Одлука бр. 930*). Albanian National Strategy: Countering Violent Extremism*. Службен весник на Република Албанија (203/2015), 18 ноември 2015 год. неофицијален превод. https://cve.gov.al/wp-content/uploads/2018/11/strategjia-2018-me-ndryshime.pdf.

Davey, Jacob, Henry Tuck и Amarnath Amarasingam. "An imprecise science: Assessing interventions for the prevention, disengagement and de-radicalisation of left and right-wing extremists." *ISD Global*, ноември 2019 год. https://www.isdglobal.org/wp-content/uploads/2019/11/An-imprecise-science.pdf.

Dogani, Besim и Nayla Joy-Zein. "SCN's Local Prevention Network Model Expands to the Western Balkans." *Strong Cities Network*, 9 октомври 2019 год. https://strongcitiesnetwork.org/en/lpn-model-expands-to-the-western-balkans/.

Eisentraut, Sophie и Stephanie de Leon. *Propaganda and Disinformation in the Western Balkans: How the EU Can Counter Russia's Information War*. Berlin: Konrad Adenauer Stiftung, 2018. http://www.kas.de/wf/doc/kas_51729-544-2-30. pdf?180306092933.

Влада на Црна Гора, Министерство за правда. *Countering Violent Extremism Strategy 2016-2018*. Подгорица: декември 2015 год. https://wb-iisg.com/wp-content/uploads/bp-attachments/6160/Countering-violent-extremism-strategy-2016-2018.pdf.

Влада на Република Македонија, Национален комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам. *National Counterterrorism Strategy of the Republic of Macedonia (2018-2022).* Скопје: февруари 2018 год. https://wb-iisg.com/wp-content/uploads/bp-attachments/6135/ct_national_strategy_eng_translation_sbu.pdf.

Влада на Република Србија. *National Strategy for the Prevention and Countering of Terrorism for 2017–2021*. https://wb-iisg.com/wp-content/uploads/bp-attachments/6200/Serbian-National-Strategy-for-the-prevention-and-countering-of-terrorism-for-2017-2021.docx.pdf.

Horwitz, Jeff и Deepa Seetharaman. "Facebook Executives Shut Down Efforts to Make the Site Less Divisive." *Wall Street Journal*, 26 мај 2020 год. https://www.wsj.com/articles/facebook-knows-it-encourages-division-top-executives-nixed-solutions-11590507499.

Hussain, Murtaza. "From El Paso to Sarajevo: How White Nationalists have been Inspired by the Genocide of Muslims in Bosnia." *The Intercept,* 1 септември 2019 год. https://theintercept.com/2019/09/01/bosnian-genocide-mass-shootings/.

Institute for Strategic Dialogue (ISD). Digital Policy Lab and Policy Planners Network. https://www.isdglobal.org/programmes/policy-government-advisory/policy-planners-network/.

———. Online Civil Courage Initiative. https://www.isdglobal.org/programmes/communications-technology/online-civil-courage-initiative-2-2/.

"Joint Action Plan on Counter-Terrorism for the Western Balkans." Европска комисија, 5 октомври 2018 год. https://ec.europa.eu/home-affairs/sites/homeaffairs/files/news/docs/20181005_joint-action-plan-counter-terrorism-western-balkans.pdf.

Kelmendi, Vesë и Rudinë Jakupi. *Countering the Myths of IS: How to Counter the IS Narrative Online? The Case of Albanian-Speaking Countries*. Приштина: Косовски центар за безбедносни студии, 2019 год. http://www.qkss.org/repository/docs/Countering-ISIS-myths-eng_724280.pdf.

Marin Lessenski, "Just think about it: Findings of the Media Literacy Index 2019," *Институт Отворено општество*, Резиме на јавната политика 55, 2019 год., https://osis.bg/wp-content/uploads/2019/11/MediaLiteracyIndex2019_-ENG.pdf.

Milekic, Sven. "Croatia's Far Right Draws Strength from Diaspora." *Balkan Insight*, 5 јануари 2018 год. https://balkaninsight.com/2018/01/05/croatian-far-right-draws-strength-from-diaspora-01-04-2018/.

Совет за регионална соработка. "Balkan 'Social Media Jihadis' More Dangerous than Ex-Fighters." 20 декември 2019 год. https://www.rcc.int/p-cve/news/259/balkan-social-media-jihadis-more-dangerous-than-ex-fighters.

Република Косово, Кабинет на премиерот. *Strategy on Prevention of Violent Extremism and Radicalisation Leading to Terrorism 2015-2020*. Приштина: септември 2015 год. https://wb-iisg.com/wp-content/uploads/bp-attachments/6122/STRATEGY-on-PVERLT_parandalim_-_ENG.pdf.

Reynolds, Louis и Ralph Scott. *Digital Citizens: Countering Extremism Online.* Лондон: Демос, 2016 год. https://www.demos.co.uk/wp-content/uploads/2016/12/Digital-Citizenship-web-1.pdf.

"Serbia the only WB country with more trust in the government than in the EU." *European Western Balkans,* 6 август 2019 год. https://europeanwesternbalkans.com/2019/08/06/serbia-the-only-wb-country-with-more-trust-in-the-government-than-in-the-eu/.

Shehaj, Albana. "After the Pandemic: Perils and Promise for Western Balkans." *Balkan Insight*, 20 април 2020 год. https://balkaninsight.com/2020/04/20/after-the-pandemic-perils-and-promise-for-western-balkans/.

## *За Студијата*

*Автори: Мило Комерфорд и Симеон Дукиќ*

***Мило Комерфорд*** *е постар менаџер задолжен за политика и истражување, кој раководи со работата на Институтот за стратегиски дијалог (ИСД) на развојот на иновативни истражувачки пристапи и одговорите на политиките на исламскиот екстремизам. Мило редовно ги информира високите креатори на политики низ светот за предизвикот што го создаваат екстремистичките идеологии и ги советува владите и меѓународните агенции за осмислување ефикасни стратегии за спротивставување на екстремизмот. Неговите текстови и истражувања често се објавувани во меѓународните медиуми, вклучително и во Гардијан, Си-Ен-Ен, Вол Стрит Џрнал, Сандеј Тајмс, Спектејтор и Њу Стејтсмен а неодамна тој имаше појавување на Би-Би-Си, Скај Њуз и Ал Џазира.*

***Симеон Дукиќ*** *е менаџер за Балканот и за централна Азија во Стронг Сити Нетворк (СЦН) на ИСД. Неговата работа се фокусира на поддршка на заинтересираните субјекти од националната влада и од локалните власти во зајакнувањето на координацијата на национално ниво и кооперацијата во спречувањето и спротивставувањето на насилен екстремизам. Симеон работел со повеќе членови на СЦН низ регионите на воспоставување мултидисциплинарни локални мрежи за превенција со повеќе заинтересирани субјекти, и ги поддржувал изработката и спроведувањето на индивидуално приспособени локални акциски планови за спречување и спротивставување на насилен екстремизам.*

*Авторите им се благодарни на Мубараз Ахмед и Гарентина Краја за нивните истражувачки и политички согледувања што помогнале во обликувањето на оваа студија за политиките.*

*Ставовите искажани во оваа публикација се ставови на авторите. Тие нужно не ги одразуваат ставовите на RESOLVE Network, Американскиот Институт за мир или на кој било субјект во владата на САД.*

RESOLVE NETWORK

подобрени истражувања•практика заснована на информации•унапредена политика за насилниот екстремизам•

www.resolvenet.org

RESOLVE е лоцирана во Американскиот институт за мир, надградувајќи го деценискиот легат на Институтот на силна ангажираност во заедници погодени од конфликт.

United States Institute of Peace
Making Peace Possible